SILOTER
FORMULA ZA USPEH

# TERASTIK

**Лепило за керамички плочки врз база на цемент,CaCo3, и специјални адитиви.**

**Примена:** Се употребува како лепило за керамички плочки за внатрешни и надворешни површини.

**Основни карактеристики**: Материјалот е во форма на прав. Производот може да се нанесува на бетонска подлога, подлога од цементен или варов-цементен малтер и гипс-картонски плочи. Прави одлична врска со подлогата. Не ја загадува животната средина и е со висока "А1" класа на реакција на пожар. Има едноставна подготовка и апликација.

**Подготовка на подлогата:** Подлогата на која се нанесува лепакот за плочки TERASTIK треба да биде чиста,без прашина или мастни материи, ослободена од слабо врзани парчиња од малтер или лушпи. Препорачуваме површината на која ќе се работи да биде премачкана со примарен слој од Подлога, кој е течен производ. Podlogata треба да се раствори со вода во однос 1:8 волуменски делови и истата се нанесува врз подлогата со четка или со соодветен ваљак.

**Нанесување:** TERASTIK се подготвува со додавање на 6-6.5 литри вода на едно пакување од 25кг материјал. Вака поготвената маса се меша до полна хомогенизација. TERASTIK се нанесува во слој од 5-10мм со назабена глетарка. Производот се нанесува при температури на околината од +5 до +35ºC.

**Потрошувачка**: За нанесување на TERASTIK во слој со дебелина од 7мм потребни се 5 кг/m² сува материја.

**Складирање:** TERASTIK треба да се складира во оргиналото пакување на суво место.

**Рок на траење:** 12 месеци од датумот на производство означен на пакувањето.

## Техничките карактеристики – Нормални лепила за плочки( C1TE) :

-Почетна атхезиона јакост ≥ 0.5 N/mm²
- Атхезиона јакост после потопување во вода ≥ 0.5 N/mm²
-Атхезиона јакост после стареење со загревање ≥ 0.5 N/mm²
-Атхезиона јакост после циклуси на мрзнење и одмрзнување ≥ 0.5 N/mm²
-Отворено време :атхезиона јакост ≥ 0.5 N/mm²( после 30 мин.)
Стандард според кој е усогласен производот – MK EN 12004-2:2017

SILOTER
FORMULA ZA USPEH

**Мерки на претпазливост:** Треба да се избегнува контакт на производот со кожата. Препорачана е употреба на ракавици. Ако дел од кожата или очите дојдат до допир веднаш треба да се измијат со многу вода. Доколку дојде до иритација треба да се побара медицинска помош.

**Чистење и фрлање**: Остатоците од TERASTIK кои се свежи лесно се чистат со вода. По стврднување треба да се отсранат механички. Употребените вреќи треба да се исфрлат во согласност со локалните прописи за фрлање на ваков вид на отпад.